**20202342963**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 53 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19 и 275/19), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, КАКО И УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО И СЕМЕЈСТВОТО ЗА ПРАВАТА ДЕТСКИ ДОДАТОК, РОДИТЕЛСКИ ДОДАТОК ЗА ДЕТЕ И ДОДАТОК ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Правилникот за поблиските услови и начинот на остварување на правата за заштита на децата,како и утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството и семејството за правата детски додаток, родителски додаток за дете и додаток за образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 109/19 и 116/19), во член 4 став (4), во точката 4, сврзникот „и“ се заменува со точка запирка.

Во точката 5, точката се заменува со сврзникот „и”.

По точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

„6.Градежно земјиште, освен земјиштето на кое се наоѓа објектот каде корисникот живее.”

Член 2

Во член 5 ставот (1) се брише.

Ставот (2) станува став (1).

Член 3

Во член 9 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Детскиот додаток се исплатува на мајката доколку се грижи непосредно за детето и детето живее заедно со мајката.“

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Детскиот додаток се исплатува на таткото доколку мајката е почината, мајката го напуштила детето, мајката е на издржување казна затвор, со правосилна судска пресуда малолетното дете е доверено на чување, воспитување и издржување кај таткото, или со решение на центарот за социјална работа малолетното дете родено во вонбрачна заедница е доверено на понатамошна грижа, чување и воспитување кај таткото, мајката е на континуирано болничко лекување повеќе од три месеци, мајката е со сериозно нарушена здравствена состојба, или на мајката и е одземена деловната способност.

(3) Детскиот додаток се исплатува и на старателот кој се грижи за издржувањето на детето, на лице на кое со решение на надлежен центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејство со него и на згрижувачот за дете сместено во згрижувачко семејство.’’

Ставот (2) станува став (4).

Член 4

Во член 11 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) За дете кое е сместено во установа за вон-семејна социјална заштита или друга установа со решение на центарот за социјална работа, се остварува право на посебен додаток за време кога детето се наоѓа на одмор (зимски и летен), сметано од првиот ден во месецот на отпочнувањето на летниот одмор.“

Во ставот (2), зборот „распуст” се заменува со зборот „одмор”.

Член 5

Во член 13 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Посебен додаток се исплатува на родителот или старателот кој се грижи за издржувањето на детето,  на лице на кое со решение на надлежен центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејство со него и на згрижувачот за дете сместено во згрижувачко семејство.’’

Член 6

Во член 16 став (4), во точките 8 и 20 зборот „домаќинството” се заменува со зборот „семејството”.

Член 7

Во член 24 став (4), точка 4 сврзникот „и“ се заменува со точка запирка.

Во точката 5, точката се заменува со сврзникот „и”.

По точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

„6.Градежно земјиште, освен земјиштето на кое се наоѓа објектот каде корисникот живее.”

Во став (5) во точката 23 по зборот „домаќинството,” се додаваат зборовите „во висина до 300.000 денари, а над овој износ”.

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) На подносителот на барање за остварување на право на додаток за образование за дете/ученик, кој воедно е и подносител на барање за остварување на право на детски додаток, при остварување и користење на правото на додаток за образование и на правото на детски додаток, материјалната состојба на домаќинството, не им се утврдува односно преиспитува одделно.”

Член 8

Во член 25 ставот (1) се брише.

Во ставот (2), кој станува став (1), зборовите „родители и” се заменуваат со зборовите „родители и/или”.

Ставот (3) станува став (2).

Член 9

Во член 28 во ставот (1) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „на старателот кој се грижи за издржувањето на детето,  на лице на кое со решение на надлежен центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејство со него и на згрижувачот за дете сместено во згрижувачко семејство.’’

Во ставот (4) по зборовите „друго училиште,” се додаваат зборовите „на корисникот му престанува правото на додаток за образование.”, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 10

Во член 30 во ставот (1), по зборовите „родителска грижа," се додаваат зборовите „кое е запишано како редовен ученик во средно училиште".

Во став (2) во точката 4,  сврзникот „и" се заменува со точка запирка.

Во точката 5, точката се заменува со сврзникот„и".

По точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

„6.Градежно земјиште, освен земјиштето на кое се наоѓа објектот каде корисникот живее."

Во став (3) во точката 23 по зборот „домаќинството," се додаваат зборовите „во висина до 300.000 денари, а над овој износ".

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република  Северна Македонија".

Бр. 11-4548/3
23 септември 2020 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Јагода Шахпаска,** с.р.